# ПЛАН ЗА КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХ ЗА ПЕРИОД

## 2018 година

## ОПШТИНА КИЧЕВО

# I Вовед

Врз основа на Законот за управување со воздух,и правилникот за детална содржина и начинот на подготвување на план за заштита на амбиентен воздух (сл весник на РМ бр 148 од 10.10.2014) сите општини се должни да изработат општински план за квалитет на воздух согласност со Националниот план за квалитет на воздухи. Овој план треба да ги даде општинските насоки за остварување на целите кои се утврдени на национално ниво

. целите поставени во националниот план за квалитет на воздух се директно врзани со обезбедувањето на минималните услови за квалитет на воздух преку примена на стандардите, кои се применуваат во Европската Унија.

Едногодишната програма која ќе се извлече од Планот претставува основен документ за планирање на идните активности во текот на планираната календарска година, како и основа за пресметување на делот од општинскиот буџет наменет за целите дадени во Програмата за квалитет на воздух.

**Општина Кичево се најдува во западниот дел на Република Македонија,кичевската котлина претставува јасно обликована природна целина,од сите страни опколена со високи планини и припага на горното сливно подрачје на река Треска,на северната страна допира до превојот стража и планината Буковик и Добра Вода, на западна страна се издига планината Бистра на јужна страна се протега планината Баба,Сач и Мусица а на источна страна котлината допира северниот дел на Порече.Градот Кичево како урбан центар,се наога на надморска височина од 620-650 метри,а останатите населени места се наогаат на надморска височина од 600 до над 1000 метри.**

## Опис и оценка на постојната состојба во врска со квалитет на воздух

- Како основен загадувач во општината беше(и сеусте е) градската депонија за која што општина

Кичево најде времено решение за кој проблем изготвивме елаборат за времено депонирање на отпадот во копот на РЕК Осломеј,за одлагање на комуналниот отпад со механизација задолжено е јавното комунално претпријатие „ЈП Комуналец Кичево

Собраниот отпад Ј.П. „Комуналец“- Кичево го носи во копот , кој е наменет за цврст комунален отпад, оддалечена 15км од Кичево. Општината редовно спроведува акции за

чистење на диви депонии.Ова решение ке важи се до реализирање на проектот,,интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски,Југозападен,Вардарски и Скопски регион,за кој Општина Кичево зема активно учество и во подготовка сме за изградба т.е. поставување на претоварна станица во Општина Кичево.





Чистење на диви депонии

Чистењето на дивите депонии во општина Кичево е мерка за намалување на загадувањето како на воздухот така и на животната средина во овие акции општината ги вклучува покрај институциите месното население и најмладата популација образованието со цел едукација за заштита на животната средина. Релевантно и ефикасно применлива мерка во заштитата на атмосврски воздух многу ефикасно го подобруваме со засадување на паркови во кои со голем обем застапени се тревници во кои се засадуваат дрва и грмушки,гратските улици од двете страни се зафатени со дрвореди и грмушки а по страните на магистралните и државните патишта се формираат заштитни појаси.

Како мерка Општина Кичево изработи и студија за преработување на градежниот шут.

Намалувањето на емисии од сообраќајот за одреден тип автомобили посебно во урбани средини.

-Управување со протоколот на сообраќајот (вклучуваќи утврдување цени за застој во сообраќајот) диференцирање цени за паркирање.

-И други економски стимулации и формирање зони со мала емисија)

-Ограничување на брзина во сообраќајот.

-Изградба на нови патишта,

-Реконструкција на сообраќајот во определени реони.

Со тоа добиваме редукција на емисии од возила со дополнително монтирање на опрема за контрола на емисии при што треба да се разгледа употребата на економски стимулации за да се забрза намалувањето на емисии и други мерки.

Контрола врз индустриските капацитети

Општината води регистер за секоја инсталација што работи на територијата на Општина Кичево.
Со самото добивање на Бдозвола,или еколошки елаборат инсталацијата се задолжува да врши мониторинг на загадувањто.

-Пошумување како редовна и задолжителна акција.

-Уредување и озеленување на паркови.

**Состојби со селектирање и рециклирање на комуналниот отпад во општина Кичево**

Во општина Кичево за сега се врши селекција на хартија. Според податоците од Општината неделно се селектира 9000-9500кг хартија. За таа цел, во тие делови на градот каде фреквенцијата на станување е поголема и каде во поголем дел жителите стануваат во колективни станбени објекти, поставени се 15 контејнери за отпадоци од пластика (пластични шишиња и друга пластична амбалажа).






**Предвидувања на идните состојби со управувањето со отпадот во општина Кичево**

Според статистичките податоци, состојбита со бројот на опслужено населението во однос на бројот на опслужено население со услугата собирање, транспорт и депонирање на цврст комунален отпад во општина Кичево е следната:

| Општина | Вкупно население | | Вкупно опслужено население | Вкупно не опслужено население |
|---|---|---|---|---|
| Кичево | Урбан дел | 28969 | 28969 | 0 |
| | Рурален | 3392 | 984 | 2407 |
| | **Вкупно** | **32361** | **29954** | **2407** |

**Стимулативни мерки за намалување и за избегнување на создавањето на отпадот, негово повторно користење, рециклирање или користење како извор на енергија**

- Намалување на биоразградлив отпад што се депонира до 75%
- Преработка на амбалажен отпад на барем 50%

- Третман и повторно користење на отпадни возила до 70% до 2017 г.

**.Дефинирање на индикаторите преку кои ќе се следи реализацијата на Планот и Програмата**

Индикатори за успех треба да бидат и одредени показатели кои треба да бидат мерливи за да може да се следи (не)реализирањето на планот. Тоа пред се´ се однесува на воведувањето на услугите Овде ќе бидат дадени повеќе примери за индикатори врз основа на предлог акциите.

- Индикатор за расчистување уредување и зазеленување на паркови
- Засадување на нови садници на борова шума.
- Задолжителни еколошки акции за уредување на дворови и паркови
- Значи се планира да се зазеленат нови 20% од незазеленетите места.

## 1. Анализа и предлог за најсоодветен начин на квалитет на воздух

Дефинирањето на најсоодветниот начин на квалитет на воздух за општина Кичево, пред се треба да зависи од реалните можности за имплементација на вака поставената задача. Се смета дека по сите основи (институционални, организациски, финансиски, технички како и човечки ресурси),. Во таква ситуација треба она што е барање на ЕУ директивите и на Националниот план за квалитет на воздух да се преточи во концепт кој барем минимално ќе ги задоволува овие критериуми и ќе покаже дека општина Кичево во рамките на своите реални можности ќе даде свој придонес во приближувањето кон ЕУ со подигнување на степенот на заштита на животната средина од негативните влијанија. Генерално, концептот на планскиот период треба да биде насочен во три правц

1. Локализација на прекумерно загадување
2. Приридa и оценување на загадување
3. Детали за мерки или проекти за пдобрување на квалитетот на воздухот

- калкулирање на сите трошоци создадени при управувањето со отпад при формирањето на цената на услугата;
- постепено воведување на селекција на комуналниот отпад на местото на создавање (домаќинства, индустрија и институции) и
- регионално решавање на системот за управување со градежен отпад за кој општина Кичево има изготвено студија.

### 1.1 Препораки во однос на финансии

Имплементацијата на Планот и Програмата за квалитет на воздух во општина Кичево е многу лимитирана од аспект на финансиските можности на општината. Општината се´ уште не е финансиски доволно силна за да може да поддржи самостојно вакви проекти проекти од овој обем, што се гледа и од финансиските анализи. Сепак останува на општината да го пронајде најдоброто можно решение за затворање на финансиската конструкција околу финансирањето на Планот и Програмата за квалитет на воздух.

Начинот на кој ова треба да се направи е активна кампања за промовирање на Планот и Програмата, истакнување на нивната важност за општината, организирање на донаторски конференции и сл. Сите овие активности кои треба да се превземат за да резултираат со пронаоѓање на заинтересирани инвеститори.

## 2. Дефинирање на акции односно проекти со кои би се реализирале предвидените активности со извршена приоретизација

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Јавна свест | Воведување на кампањи за амбиентен воздух | Кампања за чист воздух | Кампања за почиста животна средина | Кампања почиста животна средина | Кампања почиста животна средина | Кампања почиста животна средина |
| 2. Мониторинг и информирање | Следење на индикатори | Следење на индикатори | Следење на индикатори | Следење на индикатори | Следење на индикатори | Следење на индикатори |
| 3. Финансиски аспект | Организирање на донаторски конференции пронаоѓање на заинтересиран и инвеститори за реализирање на Планот и Програмата. Ангажирање консултанти за спроведување кампања за јавноста. | Регистрирање на оснивачки капитал за регионално, подготовка на буџет за инвестицијата. Ангажирање консултанти за спроведување кампања за јавноста. | Ангажирање консултанти за спроведување кампања за јавноста. | Квантификација на потребите за опрема и пресметка за нивна набавка согласно важечките цени на пазарот. Ангажирање консултанти за спроведување кампања за јавноста. | Ангажирање консултанти за спроведување кампања за јавноста. | Ангажирање консултанти за спроведување кампања за јавноста. |

општина Кичево. Темите кои ќе се опфатат во емисиите се оние кои се застапени во самиот документ "План и Програма за квалитет на воздух во општина Кичево". Емисиите ќе бидат во два циклуса, при што првиот циклус на емисии ќе биде со цел да се презентираат активностите кои ќе бидат преземени, а во вториот циклус ќе бидат презентирани постигнатите резултати од тие активности.

- *Прва фаза:*

- Трајно ресение за депонијата преку проектот Воспоставување на интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагонискиот,Југозападниот,Вардарскиот и Скопскиот Регион.
- Изградба т.е. поставување на претоварна станица.
- Редукција на емисии од возила
- Засилени контроли на задолжителен мониторинг на загадувањето од индустрија.
- Преговори и студии за воведување на гасификација.

- *Втора фаза:*

- Еднодневна работилница - обука на наставниот кадар во основните училишта која ќе ги опфати следните активности:
- Наставници од основните училишта кои ќе покажат заинтересираност за проектот ќе учествуваат во работилница со цел за нивна обука за изведување на работилници во рамки на училиштата на тема " Квалитет на воздух;
- Обуката ќе ги опфати следните теми: сегашна состојба во областа со квалитетот на воздухот, здравствениот и еколошки аспекти на квалитетот на воздухот, потреба од минимизирање на загадувањето, промена на навиките на загадувачите, негативни ефекти и неправилно третирање на природата, неопходна промена на односот кон животната средина итн;
- Емитување на вториот циклус на радио и телевизиски емисии; и
- Веб презентација на изведените активности и постигнатите резултати.

- *Трета фаза:*

Преземање на конкретни активности кои ќе ја финализираат јавната кампања:

- Повик кон локалното население за учество во акција за собирање на рециклабилни материјали;
- Организација од страна на наставниот кадар заедно со учениците и практична примена на искуства стекнати од обуките и работилниците;
- Награди од страна на општината
- Веб презентација на изведените активности и постигнатите резултати во оваа фаза.

Очекувани резултати од јавната кампања:

- Развиен модул за едукација на населението за проблемите во животната средина;

- Развиен модул за едукација на наставниот кадар за едукација на учениците во основните школи за квалитет на воздух,. Развиена свест на просветните работници за потребата од интензивирана едукација;

- Повисоко ниво на свест кај најмладата популација и пошироката јавност за квалитет на воздух. Поголема заинтересираност на популаци јата за проблемите во животната средина и учество во акции на ниво на општината;

- Развиена свест на медиумите за потребата од учество и сеопфатно информирање на јавноста за сите аспекти за заштитата на животната средина (посебно за квалитетот на воздухот) и актуелните случувања на тоа поле;

- Воспоставување на соработка на НВО секторот, локалната самоуправа, медиумите, ЈП "Кичевски Комуналец", приватниот сектор и сите заинтересирани во процесот за подигање на јавна свест за квалитет на воздух

Процесот на подигнување на јавната свест е неопходно да се продолжи и да се збогатува со нови содржини од областа на животната средина.